| ECM | | Издание: 1 | Датум:26.01.2024 |
|---|---|---|---|
| | | | У-740-151 |
| Изработил: Анита Кузевска | Проверил:Раководител Снежана Макаријоска | Одобрил:Пом.директор М-р Златко Алексовски | |

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА, ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ
МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче
ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ
БР. 03-111
13.02.2024 год.
БИТОЛА

# ДОГОВОР

**за јавна набавка на услуги**
**(врз основа на рамковна спогодба со еден економски оператор)**
**Отворена постапка бр. 20531/2023**

ПОДРУЖНИЦА РЕК БИТОЛА-НОВАЦИ
Бр. 09р-6394
31.01.2024 год.
НОВАЦИ

1. **АД ЕСМ - Скопје, Подружница РЕК Битола со седиште на ул. Новачки пат бб Новаци со ЕМБС:6023754/ЕДБ:4030005560757 застапуван од Директор Пеце Матевски ,дипл.маш.инж.**
   **(во понатамошниот текст: Договорен Орган)**

**и**

2. **Марковски Компани Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола со седиште на ул. Димитар Илиевски Мурато бр.12/1-1 Битола со ЕМБС:5717922/ЕДБ: 4002003153549 застапуван од Одговорно лице Борче Марковски**
   **(во понатамошниот текст: Носител на набавка)**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Предмет на овој Договор е јавна набавка на **Ископ на јаглен и меѓуслојна јаловина во Рудник Брод-Гнеотино(РЕК Битола)**, согласно:

- тендерската документација (со техничката спецификација и детален технолошки опис на комплетниот процес) и
- понудата на Носителот на набавката,

кои се составен дел на овој Договор.

Прилог на овој Договор се:

- техничката спецификација - Прилог бр.1
- детален технолошки опис на комплетниот процес со скици - Прилог бр.2
- понудата на Носителот на набавката - документација за техничка и професионална способност (техничка и кадровска екипираност) - Прилог бр.6 и 7

**ЕДИНЕЧНА ЦЕНА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Единечната цена за предметот на овој Договор без вклучен ДДВ изнесува **129,70 МКД/GJ**.

Вредноста на овој договор, согласно планираната количина на топлинска енергија од Прилог бр.1 без вклучен ДДВ, изнесува: **2.400.000.000,00 МКД**.

ДДВ од 18% изнесува: **432.000.000,00**.

Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува **2.832.000.000,00 МКД**.

Во единечната цена се вкалкулирани сите трошоци неопходни за навремено и квалитетно извршување на предметот на овој Договор, вредноста на придружните услуги, на паритет ДДП (согласно INCOTERMS 2010) место на извршување.

Единечната цена е фиксна и не подлежи на промена до целосната реализација на предметот на овој Договор.

**РОК, МЕСТО, НАЧИН И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ**

**Член 3**

Со извршување на услугата да се започне во рок од 7 дена по даден вовед во работа во ПЕ рудници, РЕК Битола. Реализацијата на договорот да се извршува согласно предвидената динамика на ископ дадена во техничката спецификација.

Воведување/исклучување на Носителот на набавката во/од работа од страна на стручниот тим на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, се врши со Записник за воведување/исклучување во/од работа.

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола го задржува правото на промена на дадената динамика зависно од своите потреби и условите за работа.

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола нема обврска да го искористи во целост максималниот обем на услуги определени со техничката спецификација.

**РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 4**

Плаќањето по овој Договор ќе се врши во рок од **60 дена**, сметано од првиот нареден ден по приемот на ситуацијата/фактурата во архивата на Подружницата на Договорниот орган - РЕК Битола, со прилог писмен доказ (записник) за извршена услуга, потпишан од претставниците на двете договорни страни.
Носителот на набавката ситуацијата/фактурата за извршена услуга, ја доставува до Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, до 5-ти во месецот за претходниот месец, со прилог Извештај од Стручниот тим на Договорниот орган како доказ за предадениот јаглен и тоа составен од :

- Месечен извештај по денови за квантитативен прием на јагленот на основа на кантарните белешки од вагањето на секое товарно возило со дробен јаглен и
- Месечен извештај по денови за резултатите од квалитативната анализа, односно енергетската вредност на предадениот јаглен.
- Извештај од геодетско снимање за месечниот период.

Плаќањето по овој договор ќе се врши врз основа на количината на предаден јаглен, изразено во вкупна топлотна вредност на единица **GJ**.
Основ за фактурирање ќе бидат само количините на предаден јаглен кои имаат калоричната вредност (ДТВ) за секој слој посебно над минимланата месечна вредност дадена во техничката спецификација - Прилог бр.1 од овој Договор, на месечно ниво.
Количините на јаглен реализирани и предадени со помала од минималната дневна калорична вредност од онаа што е дадена во Техничката спецификација, ќе бидат одбиени како нерализирани.

Количините на јаглен реализирани и предадени со помала калорична вредност, кои негативно влијаат на условот на калорична вредност на месечно ниво, ќе бидат одбиени како нереализирани, односно нема да бидат предмет на фактурирање.

Носителот на набавката, ситуацијата/фактурата за извршената услуга, со потребните прилози од став 1 и 2 на овој член, ја доставува на следната адреса:

**АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница РЕК Битола,**
**ул. Новачки пат, Новаци.**

Во фактурата да се назначи архивскиот број на овој Договор, заверен кај Договорниот орган.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 5**

**Носителот на набавката се обврзува:**

- услугата предмет на овој Договор да ја извршува одговорно, целосно, стручно, квалитетно, совесно и навремено, во согласност со важечките прописи и стандарди за ваков вид услуги, согласно Техничката спецификација и доставената понуда, деталниот технолошки опис на комплетниот процес Прилог бр.1 на овој договор и согласно барањата и потребите на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола,
- да испорачува јаглен со топлотна вредност по услови и на начин предвиден со овој договор, за потребите на производство на електрична енергија во ТЕ Битола,
- Носителот на набавката е запознаен со интерните акти на Договорниот орган (ИСО Процедура за испитување на јаглен, Правилник за обезбедување, Правилник за ред и дисциплина, Кодекс на етика, Упатство за користење електронска картица, Спогодба по член 15 од Закон за БЗР), релевантни за овој договор и прифаќа обврска да се придржува до истите,
- да му овозможи на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола во секое време увид во процесот на извршување на услугата предмет на овој Договор,
- евентуалните забелешки на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, да ги одговори, корегира и имплементира без дополнителен надомест, доколку се во рамките на техничките спецификации и услови кои се предмет на овој Договор.
- да се придржува на куќниот ред на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола,
- да ја почитува работната и технолошката дисциплина барана од Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, да се грижи за средствата за работа, со кои се служи при извршување на услугата предмет на овој договор и да постапува согласно прописите за заштита и безбедност при работа и противпожарна заштита,
- кога Носителот на набавката смета дека преземањето на извесно дејствие при извршување на овој договор би било на штета на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола,

должен е писмено да го извести Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола и да бара упатства за понатамошно постапување,

- за сите лица вработени и ангажирани од страна на Носителот на набавката за извршување на услугите, предмет на овој договор, Носителот на набавката ќе врши претходна најава до Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, за влез и излез во кругот на објектите, по што ќе треба да добие писмено одобрение. Еднаш даденото писмено одобрение Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола може да го повлече од причини поврзани со однесувањето на лицето на кое е дадено,

-доколку од било кои причини со своето работење нанесе штета врз имотот сопственост на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, истата да ја отстрани во најкраток можен рок и да ја надомести во целост, согласно правилата за надомест на штета предвидени со позитивни законски прописи,

- да ги плаќа фактурите воспоставени од Договорниот орган,односно Подружница РЕК Битола за потрошената електрична енергија при извршувањето на услугата предмет на овој договор, веднаш по доставувањето на фактурата,

- да врши транспорт до и од објектот на опремата и своите вработени и ангажирани лица,

-да обезбедува исхрана, сместување, потребни ХТЗ средства за своите вработени и ангажирани лица ,

- да врши осигурување на своите вработени и ангажирани лица и ангажирана опрема и да ги изврши сите потребни обуки за примена на соодветни мерки за заштита при работа и обуки за безбедност и здравје при работа.Доколку дојде до било каква незгода или несреќен случај на имотот на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, тоа ќе биде исклучиво одговорност на Носителот на набавката,

- на свој трошок и во сопствена режија да врши обезбедување на својата механизација, опрема и објекти (чуварска служба),

- да обезбедува редовна исплата на плати и надоместоци од плати на своите вработени независно од наплатата кај Договорниот Орган, односно Подружница РЕК Битола,

- да врши организирање на процесот на работа за продолжено работно време секој календарски ден, зависно од потребите на Договорниот Орган, односно Подружница РЕК Битола ,

- да обезбеди лице, вработено кај него кое ќе биде одговорно за работите и неговите вработени и ангажирани лица и кое ќе комуницира со Договорниот Орган, односно Подружница РЕК Битола и за истото писмено да го извести Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола,

- секојдневно да води градежен дневник и градежна книга,

- доколку ангажира други лица или подизведувачи за извршување на услугата, должен е да побара претходна писмена согласност од Договорниот Орган, односно Подружница РЕК Битола,

- доколку ангажира опрема надвор од приложената во Прилог бр.6 од овој Договор должен е да побара претходна писмена согласност од Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, со приложени докази за сопственост (купопродажен договор, фактура или договор за лизинг) на опремата, а секое непостапување е основ за активирање на банкарската гаранција и раскинување на овој договор.

- ангажирањето на подизведувачи или опрема надвор од приложената е можно само доколку има внесено минимум 70% од механизација што ја има прикажано во Прилог бр.6 и се покаже дека таа не е доволна за остварување на динамиката предвидена во Техничката спецификација.

-во случај на исклучување на ГТС (без претходна најава), камионите вагани до тој момент ќе немат можност да го искипаат дробениот јаглен на пресипно место ТЛ3 па затоа на истите камиони ќе им биде дозволено дробениот јаглен да го искипаат во непосредна близина на ТЛ3. Со исклучувањето на ГТС се прекинува вагањето на камиони товарени со дробен јаглен. Вагањето на камионите со дробен јаглен ќе продолжи по пуштањето на ГТС во работа.

Јагленот кој поради неработењето на ГТС ќе биде искипан во близина на ТЛ3, Носителот на набавката има за обврска да го префрли на пресипно место ТЛ3 најкасно во рок од 24 часа откако ќе биде пуштен ГТС во работа.

- при застој на ГТС поголем од 24 часа,а во согласност со Договорниот орган,на економскиот оператор ќе му се дозволи депонирање на јагленот на помошна депонија на дробен јаглен во близина на ТЛ-3, но на позиција означена од Договорниот орган.

Јагленот кој поради неработењето на ГТС ќе биде искипан во близина на ТЛ-3, економскиот оператор ќе има за обврска да го префрли на пресипно место ТЛ-3 веднаш откако ќе биде пуштен ГТС во работа.

<u>Подизведување и подизведувачи</u>

Член 6

Носителот на набавката дел од договорот за јавна набавка го додели на подизведувачите:

Друштвото за градежништво,производство, трговија и услуги увоз-извоз **,,СИМ ИНЖЕНЕРИНГ,, ДОО Струмица** доверен обем на работи 10% од вкупниот обем на услуги предмет договор за јавна набавка, а кои се однесуваат на ископ на јаглен и јаловинска маса,транспорт и одржување на патиштата.
Контакт податоци за законските застапници на подизведувачот:
Сашко Брндевски тел.034/325 006

Друштвото за производство,трговија и услуги **,,ЈАВОР-ТРАНС,, ДОО Струмица** доверен обем на работи 10% од вкупниот обем на услуги предмет договор за јавна набавка, а кои се однесуваат на ископ на јаглен и јаловинска маса,транспорт и одржување на патиштата.
Контакт податоци за законските застапници на подизведувачот:
Драги Цикарски тел.034/325 006

Трговско друштво за градежништво,производство,трговија и услуги **ТОПЛИНА ДООЕЛ,с.Подмоље, Охрид** доверен обем на работи 10% од вкупниот обем на услуги предмет договор за јавна набавка, а кои се однесуваат на ископ на јаглен и јаловинска маса,транспорт и одржување на патиштата.
Контакт податоци за законските застапници на подизведувачот:
Ќирче Митрески тел.046/ 264 202
Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара: промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи, во согласност со договорниот орган.

Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

**<u>ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН</u>**

**Член 7**

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола се обврзува да му обезбеди на Носителот на набавката услови за непречено извршување на услугата предмет на овој Договор.

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола се обврзува да му ги стави на располагање потребните подлоги и да му ги предаде на Носителот на набавката сите потребни податоци што се неопходни заради навремено и квалитетно извршување на предметот на овој Договор, да му обезбеди услови, документација и информации кои се во негов домен.

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола се обврзува да формира свој стручен тим за координација со Носителот на набавката и за тоа писмено да го извести Носителот на набавката.

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола се обврзува:

- да изврши геодетско снимање на локалитетот пред воведување на Носителот на набавката во работа,
- записнички да ја констатира моменталната состојба на откриен и делумно откриен јаглен пред воведување на Носителот на набавката во работа,
- на Носителот на набавката да му обезбеди локација на која тој ќе го организира извршувањето на услугата,
- на Носителот на набавката да му обезбеди приклучок за електрична енергија до разводна постројка,
- на Носителот на набавката да му фактурира за потрошената електрична енергија при извршувањето на услугата предмет на овој договор,
- да обезбеди прифаќање на фракциите на јагленот дробен 0-100 мм, испитан за квалитет и измерен на колската вага и истиот јаглен да биде претоварен на пресипно место на ТЛ 3,
- во случај на плански застој на ГТС вагањето на камионите со дробен јаглен треба да прекине 15 минути пред пријавеното време за плански застој со цел ваганите камиони да имаат доволно време да го искипаат дробениот јаглеен на пресипно место пред да се исклучи ГТС.

  Во случај на непланиран застој на ГТС, да му се овозможи на камионите вагани со дробен јаглен, истиот да го искипаат во непосредна близина на ТЛ3.

**КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ**

**Член 8**

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола ја одредува локацијата за ископ и одлагање на надворешно и внатрешно одлагалиште.

Носителот на набавката се обврзува да испорача јаглен со топлотна вредност по услови и на начин предвидени со овој Договор, за потребите на производството на електрична енергија во РЕК Битола.Количините на издробениот јаглен со фракција 0-100 мм мора да бидат мерени.

Количините на испорачаниот јаглен се утврдуваат со вагање на возилата на официјална колска вага лоцирана и во сопственост на ПЕ Рудници- Подружница РЕК Битола.

Вагата мора да биде прописно баждарена и запечатена според важечките прописи, а мерењето ќе се врши според пропишани стандарди за мерење.

При ниски температури, кога доаѓа до замрзнување на јагленот во камионите, Носителот на набавката на свој трошок ќе врши чистење на камионите при секое истоварување на јагленот.

Квалитативен прием на јагленот ќе се врши во лабораторијата на Подружницата на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола, а лабараторискиот наод ќе ја дефинира калоричната вредност на јагленот во дадената испорака на дневно ниво.

Начинот на пресметка на енергетската вредност на јагленот е утврден во Прилог 1 на овој договор.

Од количините на јаглен кои се испорачуваат по овој договор ќе биде земен примерок за квалитативна анализа.

При функционирање на Семплер Аугерот примерокот од јаглен што ќе се испитува ќе биде автоматски земан на начин објаснет во Деталниот техонолошки опис.

При нефункционирање на Семплер Аугерот примерокот од јаглен што ќе се испитува, рачно ќе се зема задолжително после преземени 300 тони јаглен во континуитет на дневно ниво, ќе се прави репрезентативна проба посебно за секој јагленов слој.

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола го задржува правото за инцидентно земање на материјал за проба и пред исполнување на задолжителната количина од претходниот став.

Земањето примерок обработката и изработката на анализа на јагленот се врши според пропишаната процедура на Договорниот орган.

Геодетски снимања на теренот во откопното поле ќе се извршат пред почетокот и после завршување на договорените работи, заеднички од страна на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола и Носителот на набавката и истите треба да се усогласени.

Геодетски снимања на теренот за време на реализацијата на овој Договор ќе се извршуваат и за секој месечен пресек за наплата со цел увид во месечните количини на ископ на јаловина.

Геодетски снимања на теренот за време на реализацијата на овој Договор ќе се извршуваат и за сопствени потреби од страна на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола и Носителот на набавката.

Секоја од договорните страни си ги сноси своите трошоци за вршење на геодетски снимања.
Во случај на несовпаѓање на геодетските снимања направени од страна на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола и Носителот на набавката, ќе преовладуваат податоците добиени од снимањата на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола.
Во случај на оправдани причини за неисполнување на планираната месечна динамика за ископ на јаглен (Табела 1) и јаловина (Табела 2) (непогодни временски услови, неработење на главниот транспортен систем (ГТС) и сл.), записнички ќе се констатира причината за неисполнувањето. Во овој случај наплатата за тој месец нема да биде поврзана со запазувањето на планираниот коефициент на ископ на јаглен и јаловина на месечно ниво.

Доколку вакви отстапувања се појават три месеци со ред или доколку Договорниот орган процени дека има битни отстапувања (повеќе од 10% кумулативно) од зададениот коефициент на ископ јаглен и јаловина, Договорниот орган има право да го условува потпишувањето на месечната реализација за наредните месеци со порамнување на тој коефициент.

До крајот на календарското завршување на Договорот, Економскиот оператор има обврска да го исполни зададениот коефициент на ископ на јаглен и јаловина (1:1,9).

**БЕЗБЕДНОСТ И ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ**

**Член 9**

Носителот на набавката нема право да ги пренесува на трето лице правата и обврските од овој Договор, без писмена согласност од Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола.

При реализацијата на Договорот кој се смета за доверлив, Носителот на набавката нема право да го открива Договорот или било која одредба од истиот, на било кое друго лице, без претходна писмена согласност од Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола.

На вработените и ангажираните лица на Носителот на набавката им е забранет увид во актите и деловните книги на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола како и изнесување на ствари и предмети, сопственост на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола.

Носителот на набавката се обврзува да ги направи сите можни напори за да обезбеди неговите вработени и ангажирани лица, да се придржуваат кон одредбите од овој член. Носителот на набавката ќе биде одговорен доколку неговите вработени и ангажирани лица не се придржуваат кон оваа обврска.

**ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 10**

За навремено и квалитетно извршување на обврските од овој договор, Носителот на набавката се обврзува да доставуви безусловна и неотповиклива банкарска гаранција, наплатлива на прв повик, во висина од **5%** од вредноста на договорот.

Висината на банкарската гаранција во апсолутен износ изнесува ***120.000.000,00*** денари.

Банкарската гаранциија од став 1 на овој член е со рок на важност до целосна реализација на договорот.

Банкарската гаранција е предуслов за полноважноста на договорот и Носителот на набавката се обврзува да му ја достави на Договрниот орган во оригинална форма, истовремено со потпишување на договор.

Недоставување на банкарската гаранција во рокот од претходниот став ќе значи ништавност на договорот и услов за активирање на изјавата за сериозност на понудата.

Договорниот орган, има право да побара наплата на целосниот износ по гаранцијата за постапување спротивно на било која од одредбите на Договорот. Наплата на гаранцијата, Договорниот орган ќе изврши по писмено известување во кое ќе се наведе дека Носителот на набавката не постапува согласно договорните обврски. При тоа наплатата на гаранцијата ќе биде извршена без потреба од било какво дополнително објаснување или приложување на било каква документација.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција, Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од истекот на рокот на важност на банкарската гаранција.

**ДОГОВОРНА КАЗНА**

**Член 11**

Доколку не ги почитува договорните рокови, или неуредно ги исполнува обврските предмет на овој Договор, Носителот на набавката ќе му плати на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола пенали во висина од 0,1% од вкупната вредност на овој договор без ДДВ за секоја започната недела за првите 2 недели закаснување, односно 0,5% од вкупната вредност на овој договор со ДДВ секоја следна недела закаснување, но не повеќе од 15 % од вкупната вредност на овој договор без ДДВ.

Договорната казна ќе се исплати во корист на Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола во рок од 8 (осум) дена, откако Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола и Носителот на набавката, записнички ќе ја утврдат висината во зависност од периодот на доцнење.

Договорниот орган, односно Подружница РЕК Битола се обврзува без одлагање да му соопшти на Носителот на набавката, дека го задржува своето право на договорна казна поради задоцнување или неуредно исполнување на обврските од овој Договор, ако го прифати исполнувањето на обврските.

Наплатата на договорна казна, не го ослободува Носителот на набавката од одговорноста да плати и претрпена штета.

**ВИША СИЛА**

**Член 12**

За целите на овој Договор, терминот „Виша сила" означува било каков неизбежен и непредвидлив настан, околност (кој ниту можел да се предвиди ниту да се спречи) надвор од контрола на договорните страни и кој се случил по влегувањето во сила на овој Договор и кој го попречува разумното исполнување на истиот.

За виша сила во смисла на овој договор ќе се сметаат елементарни непогоди, вооружени конфликти, терористички напади, саботажи, епидемии итн.

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло, во случај кога ќе настане Виша сила која го попречува или забавува извршувањето на овој Договор.

Страната засегната од настанот на Виша сила должна е во рок од 48 часа, писмено да ја извести другата страна за отпочнувањето и завршувањето на горенаведените околности, со наведување на причините за Вишата сила што, во случај на сомнеж, треба да се докаже од страна на надлежните органи.

**ИЗВЕСТУВАЊА**

**Член 13**

Подружницата РЕК Битола е одговорна за реализацијата на договорот во неговата материјална и финансиска смисла.

Договорните страни се согласни дека доставувањето на сите дописи во врска со овој Договор ќе бидат во писмена форма и ќе се смета за полноважно до колку биде

извршено преку архива или по пошта со препорачана пратка со повратен реципис на следните адреси:

- АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост,Скопје, Подружница РЕК Битола,
  ул. Новачки пат, Новаци.
- Марковски Компани Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола
  Ул.Димитар Илиевски Мурато бр.12/1-1 Битола

Договорните страни се согласни доколку го променат седиштето, односно за промената на истото, во рок од три дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 14**

Овој Договор влегува во сила со потпишувањето од двете договорни страни и доставување на банкарска гаранција, согласно член 10 од овој Договор.
Овој Договор со времетраење до неговото целосно исполнување (исцрпување на финансиската рамка на Договорот), но не подолго од 18 месеци согласно законските прописи на Р.С.Македонија.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

Овој Договор може да се раскине и пред целосно извршување на Договорот, доколку една од договорните страни не ги извршува обврските од Договорот како и во други случаи утврдени со закон, со претходно писмено известување за раскинување на Договорот.

**ПРИМЕНЛИВИ ПРОПИСИ**

**Член 16**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и друга законска и подзаконска регулатива која ја уредува материјата, предмет на овој Договор.

**РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ**

**Член 17**

Евентуалните спорови ќе се решаваат спогодбено, а во случај тоа да не е можно, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Битола.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со анекс кон овој Договор, потпишан од двете договорни страни.

**Член 19**

Овој договор е составен во 4(четири) еднообразни примероци, од кои по 2(два) за секоја договорна страна.

| **НОСИТЕЛ НА НАБАВКА** | **ДОГОВОРЕН ОРГАН** |
|---|---|
| **Марковски Компани Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола** | **Подружница РЕК Битола** |
| **Одговорно лице** | **Директор** |
| **Борче Марковски** | **Пеце Матевски ,дипл.маш.инж** |

1. **Златко Алексовски**______
2. **Драги Крстев**______
3. **Владо Котевски**______
4. **Димитар Петковски**______
5. **Васко Јосифовски**______

ТЕХНИЧКА ПОНУДА СО ЛИСТА НА ЦЕНИ

Ископ на јаглен и меѓуслојна јаловина во Рудник-Брод Гнеотино (РЕК Битола)

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис на услугата | Е.М. | Единечна цена без ДДВ | ДДВ 18% | Единечна цена со ДДВ 18% | Давател на услуга |
| 1 | Ископ на јаглен и меѓуслојна јаловина во Рудник-Брод Гнеотино (РЕК Битола) | GJ | 129,70 | 23,35 | 153,05 | Марковски Компани Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола |

Динамика на реализација на дробен јаглен - ( по технолошки опис на процесот )

Табела бр.2

| месец | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| количина (t) | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 140.000 | 2.520.000 |

Состојба на јаглен во отворено поле во Рудник Брод Гнеотино

| Слоеви | минимални количини на јаглен по слоеви | Пондерирана долна топлотна вредност на јагленот по | минимална долна топлотна |
|---|---|---|---|
| I | 527.480 | 6.900 | 6.100 |
| II | 256.725 | 5.700 | 5.100 |
| III | 1.601.590 | 6.800 | 6.000 |
| IV | 419.720 | 6.500 | 5.600 |
| | | 6.600 | |
| Вкупно | 2.805.515 | / | |

Динамика на реализација на јаловина - ( по технолошки опис на процесот )

Табела бр.2

| месец | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| количина (m³) | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 278.600 | 5.014.800 |

Носител на набавката
Марковски компани Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола

Договорен Орган
Подружница РЕК Битола

Барател на набавката
Александар Јоцковски

Директор
Пеце Матовски дипл.маш.инж